Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 18.06.2019

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 3161 | 1 | |


# Извештај за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост (2016 – 2018)

Јуни 2019

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# Содржина

Вовед ........ 1

Администрација достапна за лица со хендикеп ........ 4

Истражување „Пристап до програмите на радиодифузерите за лица со оштетен вид и слух – понуда и потреби“ ........ 5

Брошура „Како да се обезбедат информации за лицата со сетилна попреченост – Пристап, услуги, програми, материјали и алтернативни формати“ ........ 8

Комуникација со давателите на аудиовизуелни медиумски услуги ........ 10

Проактивен, сопствен пример за реализација на зголемена пристапност од страна на Агенцијата ........ 12

Активностите продолжуваат ........ 14

Перспективи за обезбедување пристапност ........ 16

# Вовед

Во 2018 година ја одбележавме 70-годишнина од усвојувањето на Актот познат како „Магна карта“: „**Универзалната декларација за човекови права**“[1] од страна на Генералното собрание на Обединетите нации на 10 декември 1948 година. Овој акт покрена повеќе светски процеси и принципи, меѓу кои и „**Конвенција за правата на лицата со попреченост**“[2] како меѓународен договор за човекови права на Обединетите нации наменет за заштита на правата и достоинството на лицата со попреченост со која се бара:

- *Почитување на човековото достоинство, индивидуалната слобода за личен избор, и независноста на лицата со попреченост;*
- *Недискриминација;*
- *Целосно и ефективно учество и вклученост во општеството;*
- *Почитување на различноста и прифаќање на лицата со попреченост како дел од човечката разноликост и човечност;*
- *Еднаквост на можности;*
- *Пристапност;*
- *Еднаквост помеѓу жените и мажите и*
- *Почитување на развојните капацитети на децата со попреченост и почитување на правата на децата со попреченост.*

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги континуирано е посветена на отстранувањето на бариерите кои ги спречуваат лицата со сетилна попреченост да пристапуваат до информациите и да ги користат аудиовизуелните услуги кои се достапни за повеќето граѓани во Македонија. Во контекст на континуитет на заложбата може да се одбележи дека во минатото, кога постоеше можност за финансирање програми од јавен интерес[3], посебно значење беше посветено на продукција и емитување програми кои ќе

---

[1]Универзалната декларација за човекови права, Обединети нации, 10 декември 1948, достапна на: http://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Univerzalna-deklaracija-za-pravata-na-covekot.pdf

[2] Конвенција за правата на лицата со попреченост, Обединети нации, 13 декември 2006, достапна на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Konvencija%20za%20pravata%20na%20licata%20so%20invalidnost.pdf

[3] Во периодот до донесување на Законот за радиодифузната дејност од 2005 година регулаторното тело, тогаш наречено Совет за радиодифузија, беше надлежно за распределување на средствата од радиодифузната такса наменети за производство на проекти од јавен интерес.

придонесат за поголема видливост на лицата со попреченост и програми кои имаат посебна важност за нив.

Агенцијата, со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој е донесен во 2013 година, на поинаков начин доби надлежност да се наврати на прашањето на пристапност на програмите. Попрецизно, со членот 26 за Социјална инклузија и медиумска писменост, се утврдува дека Агенцијата презема активности за поттикнување на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите услуги достапни за лицата со оштетен вид и слух.

Во таа насока, Агенцијата во 2015 година со експертска помош изработи „**Програма за обезбедување достапност до медиумите на лица со сетилна попреченост**“[4].

Документот беше изработен со странска експертска поддршка преку проектот „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги“, финансиран преку ИПА програмата на Европската комисија. Програмата содржи активности и мерки преку кои АВМУ, во периодот од три години (од 2016 до 2018), промовираше подобар пристап за лицата со оштетен вид и слух до програмите кои ги нудат давателите на аудиовизуелни медиумски услуги во Северна Македонија.

Содржината на овој документ може да се групира во следните целини:

- *Меѓународна и европска регулаторна рамка за слободата на изразување и пристап до информациите за лицата со попреченост (Обединети нации, Совет на Европа, Европска Унија и Република Северна Македонија);*

- *Програма со активности и мерки за поттикнување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги, своите услуги да ги направат достапни за лицата со оштетен слух или вид;*

- *Преглед на мерките и практиките во другите европски земји во однос на обезбедување пристап за лицата со оштетен вид или слух до аудиовизуелните медиумски услуги, со презентација на позитивни искуства.*

Вториот дел се состои од активности на чие реализирање, во изворна или изменета форма, работеше Агенцијата во периодот 2016-2018. Овие активности вклучуваат:

1. *Истражување и анализа на потребите на лицата со оштетен вид и слух и актуелната ситуација во медиумите во врска со програмите наменети за лицата со попреченост,*

2. *Подобрување на комуникацијата на Агенцијата со корисниците со оштетен вид и слух,*

[4] „Програма за обезбедување достапност до медиумите на лица со сетилна попреченост“ (бр.01-4086/1) усвоена од Советот на Агенцијата на 18 јуни 2015 година. Достапна на: https://bit.ly/2qNiYhk

3. *Воспоставување соработка со организациите кои ги претставуваат луѓето со оштетен вид и слух и со други релевантни институции и организации,*

4. *Развој на корегулациски акт за пристап на лицата со оштетен вид и слух до аудиовизуелните услуги,*

5. *Следење на исполнувањето на повеќегодишните цели утврдени со корегулацискиот акт,*

6. *Кампања за подигнување на свеста,*

7. *Објавување Прирачник за лицата со попреченост за промовирање на нивните права и новите технички можности за пристап до аудиовизуелните услуги.*

Во текот на важноста на Програмата, регулаторното тело презеде повеќе активности и создаде две публикации. Притоа, практиката овозможи повеќе цели да се исполнуваат преку една активност, како што е покажано и во овој Извештај.

Процедурата

придонесе кон остварување на следниве активности од Програмата:

2. **Подобрување на комуникацијата на Агенцијата со корисниците со оштетен вид и слух,**
3. **Воспоставување соработка со организациите кои ги претставуваат луѓето со оштетен вид и слух и со други релевантни институции и организации.**

Во рамки на проектот „Достапна администрација за лица со хендикеп“, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе „**Процедура за комуникација со граѓани со одреден вид на попреченост**“[5]. Оваа процедура беше усвоена во јули 2015 година, односно уште пред донесувањето на Програмата, но е документ којшто важи континуирано и го обликува пристапот на вработените во регулаторното тело.

Имено, во Процедурата е пропишан начинот на обезбедување пристап до услугите на Агенцијата за лицата со попреченост, начинот на комуникација со нив, обврските на лицата одговорни за комуникација и евидентирање на обезбедените услуги.

Регулаторното тело определи лица за постојана комуникација со лицата со попреченост, кои преземаат активности во врска со барањата што овие лица ги имаат кон АВМУ, притоа раководејќи се од насоките дадени во „Кодексот за однесување со лицата со инвалидитет“ на Јавна установа Завод за социјални дејности-Скопје. Лицата определени за постојана комуникација со лицата со попреченост, своите искуства стекнати од комуникацијата и обуките ги споделуваат и ги пренесуваат со останатите вработени во АВМУ. Податоците за контакт со лицата за постојана комуникација со лицата со попреченост се достапни на веб страницата на Агенцијата на http://avmu.mk/komunikacija-so-gragjani-so-poprechenost/.

На видни места, на секој кат во објектот на Агенцијата се наоѓаат примероци од **Кодексот за однесување кон лицата со инвалидност**, во кој се истакнати насоките за однесување како помош за вработените во Агенцијата.

[5] „Процедура за комуникација со граѓани со одреден вид на попреченост“ (бр.01-4641/1) усвоена од Советот на Агенцијата на 15 јули 2015 г. Достапна на: https://bit.ly/2MU8fvy

## Истражување „Пристап до програмите на радиодифузерите за лица со оштетен вид и слух – понуда и потреби“

Истражувањето **„Пристап до програмите на радиодифузерите за лица со оштетен вид и слух – понуда и потреби“**[6] е прво од овој тип во Северна Македонија, беше реализирано во две фази, а резултатите беа презентирани на четвртиот јавен состанок на Агенцијата, кој се одржа на 29 декември 2016 година.

Во првата фаза се истражуваше колкава и каква е понудата на телевизиска програма наменета за лицата со сетилна попреченост (оштетен слух и вид). За таа цел, беше направена анализа на одговорите од Прашалникот за тоа колкава и каква е понудата на телевизиска програма наменета за лицата со сетилна попреченост, испратен до сите телевизиски сервиси на 11 август 2016 година.

Втората фаза се реализираше преку интервјуа со претставници на организациите кои ги претставуваат луѓето со оштетен вид и слух и со други релевантни организации, во која тие ги изложија своите медиумски потреби и своите ставови за програмите наменети за нив. Во текот на август, беа реализирани средби и интервјуа со г. Васко Марков, претседател на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија, со претседателот на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија г. Жарко Селковски и со г. Коце Димов, претседател на Националната

**Истражувањето придонесе кон остварување на следниве активности од Програмата:**

1. **Истражување и анализа на потребите на лицата со оштетен вид и слух и актуелната ситуација во медиумите во врска со програмите наменети за лицата со попреченост,**
2. **Подобрување на комуникацијата на Агенцијата со корисниците со оштетен вид и слух,**
3. **Воспоставување соработка со организациите кои ги претставуваат луѓето со оштетен вид и слух и со други релевантни институции и организации,**
7. **Објавување Прирачник за лицата со попреченост за промовирање на нивните права и новите технички можности за пристап до аудиовизуелните услуги.**

[6] „Пристап до програмите на радиодифузерите за лица со оштетен вид и слух – понуда и потреби“, декември 2016, достапно на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Istrazhuvanje_Pristap_do_radiodifuzerite_za_lica_so_osteten_vid_i_sluh_2016.pdf. Презентација од Истражувањето е достапна на: https://bit.ly/2SF21VM.

федерација на спортови за слепи и слабовиди лица.

Преку анализата на веќе постоечките податоци и со дополнителното квалитативно истражување на мислењата и потребите на лицата со оштетен слух и вид во однос на програмите кои ги нудат давателите на аудиовизуелни медиумски услуги, се добија сознанија за тоа како овие лица ги користат аудиовизуелните услуги во нивниот секојдневен живот, се идентификуваа проблемите со кои тие се соочуваат при пристапувањето и користењето на аудиовизуелните услуги и беа посочени идеи за надминување на бариерите за пристап и користење на медиумските услуги.

Клучните препораки од истражувањето посочуваат повеќе натамошни активности, како на пример:

- *Да се следат анализите и препораките на Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА) за пристапност на лицата со попреченост;*

- *Да се иницира изготвување корегулациски акт со радиодифузерите за пристап на лицата со оштетен вид и слух до аудиовизуелните услуги;*

- *Јавниот радиодифузен сервис да обезбеди вести и програма во ударните термини проследена со знаковен јазик. Доколку тоа не е можно, тогаш барем да се овозможи враќање на стариот термин на вестите (во 17 часот)[7];*

- *Јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери корисници на средства од Буџетот на Република Македонија за продукција на играна и документарна програма согласно членот 92 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да се обврзат истите да ги прилагодат со знаковен јазик или титлување, односно аудио опис[8];*

- *Надминување на бариерите за пристап до програмите така што толкувачот на знаковен јазик ќе биде прикажан на поголем дел од екранот, проследување на графичкиот приказ со говор и сл.;*

- *Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи да обезбедат фиксна позиција на телевизиските и радио каналите од Северна Македонија; и*

- *Да се зголеми достапноста до детските програми (образовни и забавни) за децата со оштетен слух и вид.*

---

[7] Во времето кога се спроведуваше истражувањето, на знаковен јазик беа прилагодени Вестите во 15 часот, што лицата со оштетен слух го оценија како несоодветно бидејќи се совпаѓаше со нивното работно време и со други обврски.

[8] Со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2018 година се укинаа одредбите поврзани со обврската за производство и емитување документарна и играна програма, така што ова барање не ќе може да се спроведе. Доколку во иднина се изнајде поинаков начин за поддршка на производството телевизиска програма, потребно е да се има предвид и ова барање на лицата со сетилна попреченост.

Текстот на комплетниот документ е достапен на веб страницата на Агенцијата во посебниот банер за достапност до медиумите за лица со сетилна попреченост[9].

Со оваа активност започна и се воспостави соработка со релевантните организации на лицата со оштетен вид и слух, која Агенцијата ја продолжува во текот на годините.

[9] Овој дел од веб страницата на АВМУ е достапен на: https://bit.ly/2qNbE5i.

## Брошура „Како да се обезбедат информации за лицата со сетилна попреченост – Пристап, услуги, програми, материјали и алтернативни формати“

Во рамки на заложбите кај радиодифузерите да се поттикнат активности преку кои тие ќе ги направат програмите што ги емитуваат достапни за лицата со оштетен вид и слух, Агенцијата, во 2018 година, подготви и отпечати на македонски, албански и англиски јазик брошура со наслов: **„Како да се обезбедат информации за лицата со сетилна попреченост – Пристап, услуги, програми, материјали и алтернативни формати“**[10]. Содржините во брошурата може да се поделат во три дела:

*- Општи начини и средства преку кои може да се обезбедат информации за лицата со различни видови повремена и трајна попреченост – моторна/физичка, умствена и сетилна или да се овозможи подобра комуникација, според видот на попреченоста. Овој дел не е фокусиран само на програмите на радиодифузерите туку на сите средства кои тие може да ги ползуваат;*

*- На популарен и едноставен начин, преку графички прикази и слики е прикажана употребата на титлувањето, на отворените или затворените текстуални описи, на гестовиот говор и на аудио описите;*

*- На крајот, сумирано се посочени потребите, идеите и согледувањата на слепите и лицата со оштетен вид, како и на глувите и наглувите лица во Република Северна Македонија кои се дел од наодите од*

**Брошурата придонесе кон остварување на следниве активности од Програмата:**

1. **Истражување и анализа на потребите на лицата со оштетен вид и слух и актуелната ситуација во медиумите во врска со програмите наменети за лицата со попреченост,**
2. **Подобрување на комуникацијата на Агенцијата со корисниците со оштетен вид и слух,**
4. **Развој на корегулациски акт за пристап на лицата со оштетен вид и слух до аудиовизуелните услуги,**
6. **Кампања за подигнување на свеста,**
7. **Објавување Прирачник за лицата со попреченост за промовирање на нивните права и новите технички можности за пристап до аудиовизуелните услуги.**

[10] „Како да се обезбедат информации за лицата со сетилна попреченост – Пристап, услуги, програми, материјали и алтернативни формати“, декември 2018, достапна: https://bit.ly/2Wo9er6

*истражувањето „Пристап до програмите на радиодифузерите за лица со оштетен вид и слух – понуда и потреби“.*

Со печатењето на Брошурата, Агенцијата воедно ја одбележа седумдесетгодишнината од усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации. Во оваа насока, Агенцијата покажа посветеност кон поттикнување на радиодифузерите за отстранување на бариерите кои ги спречуваат лицата со сетилна попреченост да пристапуваат до информациите и да ги користат аудиовизуелните услуги кои се достапни за повеќето граѓани во земјата, и воедно ги повика радиодифузерите самоиницијативно да се вклучат во овој процес.

Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, ги обврзува потписниците, вклучувајќи ја и Северна Македонија, да комуницираат со лицата со употреба на комуникација по нивни избор, вклучувајќи ја „употребата на знаковен јазик, брајово писмо, аугментативна и алтернативна комуникација, и сите други достапни средства, начини и формати за комуникација, од страна на лицата со попреченост во официјалните интеракции, според нивниот избор“.

## Комуникација со давателите на аудиовизуелни медиумски услуги

Со цел да се популаризира истражувањето „Пристап до програмите на радиодифузерите за лица со оштетен вид и слух – понуда и потреби“, на 2 февруари 2017 година претставници од Агенцијата учествуваа во емисијата „Глувите лица и медиумите“ која ја продуцираше и емитуваше јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија, а ја подготви Марија Башеска - Стојановска, новинарка во образовна програма на МТВ и толкувачка на знаковен јазик.

На 1 март 2017 година, се одржа состанок со претставници од јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија во врска со резултатите од истражувањето. На средбата се разговараше за можностите на МРТ да излезе во пресрет на дел од барањата на лицата со сетилна попреченост, утврдени со истражувањето. Во периодот што следеше, МРТ1 започна наместо изданието на Вестите во 15 часот, да ги преведува на гестов говор Вестите во 17 часот, го зголеми делот од екранот на кој се гледа толкувачот на знаковен јазик, а за време на изборите во 2018 година, глувите и лицата со оштетен слух можеа на знаков јазик да следат и некои од актуелно-информативните емисии.

**Комуникацијата придонесе кон остварување на следниве активности од Програмата:**

1. **Истражување и анализа на потребите на лицата со оштетен вид и слух и актуелната ситуација во медиумите во врска со програмите наменети за лицата со попреченост,**

4. **Развој на корегулациски акт за пристап на лицата со оштетен вид и слух до аудиовизуелните услуги,**

6. **Кампања за подигнување на свеста,**

7. **Објавување Прирачник за лицата со попреченост за промовирање на нивните права и новите технички можности за пристап до аудиовизуелните услуги.**

Со претставници на сите телевизии што емитуваат програма на државно ниво, на 13 декември 2018 година, се одржа работен состанок. На него им беше презентирана брошурата „Како да се обезбедат информации за лицата со сетилна попреченост – Пристап, услуги, програми, материјали и алтернативни формати“. Целта беше телевизиите да се запознаат со потребите и барањата на лицата со сетилна попреченост во однос на медиумите и медиумските содржини и да се разговара за зголемување на обемот на содржини што медиумите би им ги направиле достапни на овие лица. Ова претставуваше можност Агенцијата да иницира и дискусија за изработка на корегулациски акт од страна на медиумите за пристап на лицата со оштетен вид и слух до аудиовизуелните услуги, а воедно да ги слушне размислувањата, идеите и предлозите на радиодифузерите за овозможување попристапни програми.

Инаку, освен Јавниот сервис, којшто емитува вести, потоа емисиите „Петтиот ангел“ (за лица со инвалидитет) и „Светот на тишината“ (за луѓето со тешкотии во слухот и говорот), и повремено прилагодува информативни програми, уште две телевизии самоиницијативно емитуваат програми со знаков јазик. Регионалната телевизија со седиште во Охрид ТВМ веќе повеќе години емитува вести прилагодени за лица со сетилна попреченост. Од 2019 година и националната ТВ 24 Вести ги преведува на знаковен јазик Вестите во 20 часот, а уште претходно со гестов говор беше прилагодена информативната емисија „Отворено“. Кај другите телевизии, прилагодувањето на програмите за глувите и наглувите е инцидентно.

## Проактивен, сопствен пример за реализација на зголемена пристапност од страна на Агенцијата

Поставувањето сопствен пример придонесе кон остварување на следниве активности од Програмата:

2. **Подобрување на комуникацијата на Агенцијата со корисниците со оштетен вид и слух,**
6. **Кампања за подигнување на свеста.**

Водени од начелото дека личниот придонес е од особено значење за целиот процес, Агенцијата ја зголеми пристапноста на содржините за лицата со сетилна попреченост така што обезбеди пристапност до сопствените содржини и објави. Така, на третиот јавен состанок за 2017 година, што се одржа на 27 септември, беше презентиран и новиот дизајн на **веб страницата на Агенцијата**, при што значајна новина е надградувањето на страницата www.avmu.mk со дополнителни функционалности, со чија помош значително се олеснува пристапот за лицата со целосно или делумно оштетување на видот како и за лицата со бојно слепило. Во текот на процесот, беа правени консултации и со експерти и со г. Коце Димов, претседател на Националната федерација на спортови за слепи и слабовиди лица

Софтверот што се користи овозможува лицата со целосно оштетен вид да можат да ја слушаат содржината од веб страницата на **македонски, англиски и на албански јазик**, со притискање одредени копчиња од тастатурата. Лицата со делумно оштетен вид имаат можност за зумирање и на тој начин се зголемува читливоста и видливоста на објавените содржини, додека за лицата со бојно слепило - веб страницата е прилагодена со опциите за црно/бел контраст и бои кои овие лица можат да ги разликуваат.

**Веб страница посветена исклучиво на медиумската писменост** (www.mediumskapismenost.mk), којашто ја администрира Агенцијата, беше промовирана на четвртиот јавен состанок во декември 2017 година, и исто така, беше направена достапна за слабовидите и за лицата со бојно слепило. Имплементирањето на ваквите дополнителни функционалности значително ја олеснуваат пристапноста на информациите од Агенцијата и од членките на Мрежата за медиумска писменост за лицата со оштетен вид и слух. Всушност, имајќи предвид дека еден од клучните елементи на која било дефиниција на медиумската писменост е пристапот, односно достапноста до медиумите за сите граѓани, Агенцијата ги смета сите свои активности од Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, како дел од напорите за поттикнување на медиумската писменост.

Освен ова, веќе неколку години, на www.avmu.mk има посебен сегмент којшто е посветен на достапност до медиумите за лица со сетилна попреченост. Во овој **банер**, којшто функционира **на македонски, албански и англиски јазик**, не едно место се

систематизираат информациите за активностите на Агенцијата на полето на обезбедување достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост.

Сето ова се начини преку кои регулаторното тело настојува да ја запознае јавноста со медиумските потреби на лицата со попреченост. Веб страницата служи и како ресурсен центар за сите оние кои сакаат да го свртат вниманието на јавноста кон ова прашање или да истражуваат на оваа тема.

Освен ова, Агенцијата ги ползува и стандардните методи како што е давањето изјави, податоци и материјали за новинарски стории. Ваков пример е текстот на Ангела Рајчевска од 18 април 2019 година „ТВ-екраните без толкувачи за глувонеми", подготвен во рамки на проектот „Попреченоста е само прашање на перцепција", што го спроведува Институтот за различности и медиуми од Лондон, во партнерство со Македонскиот институт за медиуми и Националниот совет на инвалидските организации од Македонија, а со финансиска поддршка од Европската Унија[11].

[11] „ТВ-екраните без толкувачи за глувонеми", 18 април 2019 година, достапен на: http://aktiv.mk/resursi/storii/444-tv-ekranite-bez-tolkuvachi-za-gluvonemi

## Активностите продолжуваат

Продолжителните активности придонесуваат кон остварување на следниве активности од Програмата:

2. Подобрување на комуникацијата на Агенцијата со корисниците со оштетен вид и слух,
6. Кампања за подигнување на свеста.

Завршувањето на важноста на Програмата во 2018 година, не претставуваше и завршеток на активностите на Агенцијата. По повод Светскиот ден на изборите, канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ја организираа Конференцијата „Учество во изборниот процес на лицата со попреченост", која се одржа на 6 февруари 2019 година во Скопје.

Конференцијата претставуваше платформа за подигање на свеста за ограниченото учество на лицата со попреченост во изборниот процес, како и за идентификација на мерки кои ќе ги стимулираат различностите и инклузивноста во демократските институции и во процесот на одлучување.

На Конференцијата учествуваше претставник на Агенцијата кој имаше посебен придонес во рамки на групата за „Прашањата поврзани со видливоста на лицата со попреченост во изборниот процес", што претставуваше одличен повод да се споделат дел од искуствата во врска со пристапноста на програмите на медиумите со активисти за правата на лицата со попреченост; претставници на организациите на лицата со попреченост; претседателот и претставници од Државната изборна комисија, претставници од Министерство за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, поранешни парламентарни кандидати од редовите на лицата со попреченост; претставници на парламентарните политички партии, академската заедница, меѓународните организации кои работат на ова поле како и со Интерпартиската парламентарна група за лицата со посебни способности.

На 21 мај 2019 година, претставници на регулаторното тело учествуваа на Конференцијата "Размена на добри практики за недискриминација – работата на австриските механизми за еднаквост и националните механизми за еднаквост", организирана од Министерството за труд и социјална политика во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. При размената на искуствата, Агенцијата ги претстави својата веб страница - како пример за демистифицирање на прашањето за користење на алатките за достапност на веб содржините. Освен ова беа прикажани и досега изработените публикации.

Всушност, настаните од овој вид треба и во иднина активно да се користат за промоција на заложбите на Агенцијата за обезбедување поголема пристапност, но и форматот и структурата и учесниците да се следат за пример во иднината за организација на слични активности од страна на Агенцијата.

## Перспективи за обезбедување пристапност

Лицата со попреченост го претставуваат најголемото малцинство во светот и мора да ги уживаат сите фундаментални права вклучително и учеството во политиката. Ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, од страна на Република Северна Македонија во 2011 година, подразбира дека државата мора да им ги гарантира правата на лицата со попреченост и истовремено да им обезбеди ефикасно и целосно учество во политичкиот и јавниот живот на еднаква основа со другите, непосредно или преку слободно избраните претставници, вклучувајќи го и правото и можноста на лицата со инвалидност да гласаат и да бидат гласани. Значајна улога во таа гаранција треба да ја обезбедат медиумите преку пристапни едукативни и информативни програми.

Досегашниот пристап на Агенцијата кој одеше во насока на запознавање на радиодифузерите со општествената полезност и одговорност на медиумите своите програми да ги направат пристапни и дека можат од тоа да очекуваат зголемување на популарноста на своите програми, даде одредени резултати. Се појавија неколку нови информативни програми на комерцијалните радиодифузери со толкување на знаковен јазик. Покрај, тоа забележано е исто така емитување комерцијални комуникации со употреба на знаковниот јазик.

Во наредниот период, регулаторното тело ќе изготви **документ за политика за достапност до програмите за лицата со попреченост**, кој ќе поаѓа од новите обврски на ова поле пропишани со последните измени на Директивата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, сега повеќе обврската **не** е **да се охрабрат** давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите програми достапни, **туку да обезбедат** дека медиумите ќе ги направат своите програми **достапни постојано и прогресивно**. Или, поедноставно кажано, обврската нема да биде законски пропишана само за јавниот сервис туку и за приватните даватели на аудиовизуелни медиумски услуги.

Секако, во активностите што ќе следат ќе продолжат консултациите со заинтересираните чинители. Покрај националните сојузи, во нашите активностите за обезбедување пристапност потребно е вклучување и на други субјекти: владини структури, бизнис заедницата, експерти и поединци со или без попреченост кои сакаат да се вложат во оваа цел, како и граѓански организации кои се занимаваат со правата на лицата со попреченост и особено со пристапноста. Во периодот на извештајот можеше да се забележи дека се формирани повеќе нови граѓански невладини организации ангажирани околу пристапноста со кои Агенцијата може да оствари соработка. Таков пример е Инклузива - здружение за промоција и развој на инклузивно општество, на чиј предлог Државната изборна комисија има донесено упатство за користење шаблон на Брајово писмо за лицата со оштетен вид на локалните избори 2017.

Особено е важно и развивање на непосредна комуникација и размена на информации со Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности која претставува неформална група составена од пратеници од сите политички партии, како и со Националното координативно тело за имплементација на

Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија, кое го формираше Владата на 17 април 2018 година како извршен механизам кој треба да ги иницира, координира, решава и упатува органите на власта за активностите и принципите кои треба да ги преземат.